**Бинг Син**

---

# ЗА ЖЕНИТЕ

# 1.
# ЖЕНИТЕ ГИ ЗАСЛУЖУВААТ МОЈАТА НАЈДЛАБОКА ПОЧИТ И ВНИМАНИЕ

Се чини, сепак, некако непријатно еден господин да пишува за жените. Луѓето би се прашувале: „Зарем тоа не е некако сатирично?“ или: „Дали тоа не се должи на некое разочарување во љубовта?“, како само жените да можат оправдано да зборуваат за жените. Но, всушност, верувам дека за жените треба да зборуваат мажите, бидејќи гледиштето на овие вториве може да биде пообјективно и нивниот став пољубезен.

Од двесте милиони и еден маж во Кина[3], со сигурност можам да кажам дека јас сум тој што на жените гледа со најголема почит и внимание. Оние што ме познаваат честопати зборуваат за мојата женственост зашто, за среќа, обдарен сум со сите доблести што ги поседуваат жените, како што се нежност, трпеливост и промисленост. Во исто време, од двесте милиони и еден маж, јас сум најмалку подобен да зборувам за жените, затоа што, со оглед на тоа што немам сестри и сè уште сум неженет, не сум поблиску запознаен со ниедна друга жена освен мојата мајка.

Единствените жени што ги знам, сепак, се неколку поранешни соученички, колешки и жените и сестрите на

[3] Во времето кога била напишана оваа статија, Кина имала околу четиристотини милиони жители.

моите пријатели, а и нив не ги познавам добро. Сепак, токму затоа што немам сестри и што сум неженет, многу често зборувам за жените. На пример, голем дел од сопругите на моите пријатели вообичаено ме прашуваат со полусериозен, полушеговит тон: „Сега кога имате речиси четириесет, добра работа и популарност, зошто, господин X, не си најдете жена?“ Таквото прашање секогаш ме засрамува и можам само воздржано да одговорам: „Сè уште не сум ја нашол вистинската жена...“ Тогаш овие жени продолжуваат да прашуваат: „Кои се вашите критериуми? Кажете ни некои од нив, за да можеме да бараме некоја по ваш вкус.“

Токму во тој момент се чувствувам најзасрамен, бидејќи ми е толку тешко да кажам јасно кои се моите критериуми. Во никој случај не можете да ги резимирате многубројните критериуми и идеали до коишто се придржувате секој ден, освен ако Бог не создал совршена жена за вас. Пред десет години, еден мој пријател постави дваесет и шест критериуми за избор на жена. Но, поминаа десет години и остана само еден критериум: „Само таа да биде жена.“ Сепак, тој умре без да најде жена. Во неговата биографија, напишана од некои пријатели, беше спомнато во многу тажен тон дека починал „неженет“. Бог да ја благослови неговата душа!

Според моето мислење, ако некој сака да предложи критериуми за избор на жена, првото нешто што треба да го направи е да праша дали тој самиот ги исполнува таквите критериуми. На пример, кога бараме нашите жени да бидат „убави“, подобро би било и самите да се погледнеме во огледало, за да видиме дали сме убави или не. Кога сакаме тие да бидат „нежни и кротки“, подобро да се преиспитаме за да видиме дали ние сме разумни, а не избувливи. Секој ден, кога ќе се вратиш дома од канцеларија, секогаш очекуваш да ја најдеш куќата уред-

на и чиста, вечерата вкусна и примамлива, твоите деца мирни и послушни, а твојата сопруга да те пречека со голема насмевка. Но кога, неочекувано, нема да најдеш ништо од тоа, налутено ќе ги фрлиш шапката и бастунот, веѓите луто ќе се спојат и обесената уста ја држиш затворена. И потоа, само за работите да станат уште полоши, децата ќе се соберат околу тебе и бараат слатки и бонбони, а жена ти се жали за високата цена на оризот, колку ѝ е тешко да купува храна и да се справува со послугата, и така натаму, и така натаму, и ти чувствуваш како во тебе расте фрустрацијата, како го губиш трпението, и тогаш се ослободува поток од пцости. Тогаш ќе одиш некаде настрана за да размислиш над своите рани, коишто стануваат уште погорки, колку повеќе размислуваш за нив. Ќе се потсетиш дека пред малку си бил тормозен во канцеларијата, колку лошо си спиел минатата ноќ поради плачењето на децата и колку ти е тешко да заработиш за живот за целото семејство, но не можеш да разбереш зошто твојата сопруга покажува толку малку разбирање за твоите чувства. Сепак, не гледаш дека има некој друг проблем, освен немирното дете, проблематичната слугинка или цената на оризот што секојдневно расте.

И ете, во едно такво вечно чистилиште твојата жена се бори ден и ноќ, грижејќи се дека не си спиел доволно за да се справиш со твојата работа во канцеларијата и да бидеш смирен. Не знаеш дека минатата ноќ, додека ти сè уште спиеше, таа мораше да стане седум или осумпати, за да го смири расплаканото дете, за да не се вознемириш ти. Детето плачеше зашто го болеше стомакот. Лиу, слугинката, му беше дала непревриена вода за пиење, таа нема поминато никаква обука за современа хигиена и заборава сè што ѝ е кажано. Во денешните тешки времиња, воопшто не е лесно да се најде слугинка, и додека човек не може да ја стави во ред таа што ја нашол и ја зел

да му служи, не може ни да помисли да бара нова замена!...

Можеби твојата сопруга цела ноќ не спиела додека размислувала за сите овие проблеми; сепак, таа мораше да збере сили и да стане рано ова утро, затоа што кој друг освен домаќинката ќе се погрижи за сите овие работи во домот? Толкуте многу задолженија ја прават уморна, а заморот ја прави нерасположена. Таа е полна со надеж и очекува да може да разговара со тебе за сите овие проблеми, а потоа да добие неколку утешни зборови веднаш штом ќе се вратиш дома напладне или навечер. Ако зборуваш така со неа кога ќе пристигнеш дома и ја забележиш нејзината нерасположеност и темните кругови под нејзините очи, можеби таа ќе ги пушти низ вода сите свои жалби, и старите и новите. Во спротивно, таа не би можела да стори ништо повеќе одошто да пролее неколку беспомошни солзи во твое присуство или зад твојот грб. А ти, од своја страна, најверојатно ќе си помислиш: „Што друго може да прави една жена, освен да плаче!...“

Проблемот може да стане уште посериозен ако машките критериуми за избор на жена ја вклучуваат нејзината способност да заработува за живот. Знам многу случаи на жени со кариера кои треба да размислат повеќе од илјадапати пред да решат да се омажат. Ако тие толку немаат среќа да ги освои љубовта, а во исто време се неподготвени да се откажат од својата кариера, тогаш љубовта и кариерата стануваат две јажиња кои се затегнуваат сѐ додека не ја задушат до смрт! Една двојка, и двајцата се мои пријатели, работат во иста канцеларија (каде што работната позиција на жената изгледа е повисока од онаа на нејзиниот сопруг). Секогаш кога ги посетувам или сум поканет да вечерам во нивниот дом, и мажот и жената се среќни ако сѐ помине без проблем. Но,

ако, наместо тоа, јадењето не е добро подготвено, или ако малечките почнат да прават бели, мажот често ја погледува сопругата прекорно, а таа, пак, извинувачки гледа во нас двајцата.

Јас, пак, од моја страна, можам само сочувствително да гледам угоре. Веднаш би му рекол на мажот: „Боже, Господе! Зарем таа не работи осум часа во канцеларијата, не помалку од тебе?“ Не сметам дека оброкот треба да биде лошо подготвен по осумчасовната работа, но барем и двајцата треба извинувачки да гледаат еден во друг, или и двајцата треба да гледаат во мене на ист начин. Што се однесува до префрлањето на вината на жената, таквиот начин на однесување е нешто неподносливо за човек што има женски карактеристики како мене.

Кога зборуваме за жените со кариера, тоа го гледаме во западниот свет на индустриската цивилизација, ним не им е толку тешко истовремено да бидат домаќинки. Но, во Кина, не би можеле да успеете без послуга. Многу потешко е човек да се справи со човечките суштества отколку со машините, особено во овие години на Војната на отпорот против Јапонија, кога луѓето мора да талкаат во очајна состојба. Знам добар број дами кои живееле во леснотија и удобност во приморските пристаништа или во модерните кинески градови, но сега се трудат и живеат совесно и скромно. Тие сѐ уште успеваат да држат ред и дома и во канцеларијата. На таквите жени не можам да не им се восхитувам и ги почитувам од дното на моето срце. Ако војната помогна во тоа да се подигне угледот на Кина во светот, како и престижот на нашите војници, возачи, па дури и на нашите општи работници, верувам дека најмногу се издигна статусот на нашите жени, кои се покажаа доволно силни за да издржат толку многу тешкотии и страдања.

Но, сега скршнувам од темата. Не кажав ниту една десеттина од она што сакав да го кажам за жените. Кога го прочита она што досега го имав напишано, еден мој пријател дури и почна да ме смета за потенцијален модел за сопруг, затоа што кон жените се однесувам со толку многу почит и внимание, и сметаше дека ќе ми биде лесно да ја најдам идеалната жена за сопруга. Но, сега дури и јас се чувствувам збунет. Како да објаснам? Господ знае!